TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

# Проблемите во правосудството и последиците по корупцијата

**март 2025**

Финансирано од Европска Унија

# Содржина

Вовед ..... 3
Основни проблеми во судството на Северна Македонија ..... 4
Структурни проблеми во правниот систем ..... 4
Проблеми со независноста на судиите ..... 5
Недостаток на професионализам и ефикасност ..... 5
Проблеми со етика и транспарентност ..... 6
Проблеми во Судскиот совет на Република Северна Македонија ..... 7
Улогата и надлежностите на Судскиот совет ..... 7
Дисфункционалност на Судскиот совет ..... 8
Обвинителството и Советот на јавни обвинители ..... 9
Структура и функции на обвинителството ..... 9
Советот на јавни обвинители и неговите надлежности ..... 10
Корупцијата во правосудниот систем на Северна Македонија ..... 10
Дефиниција на корупцијата и нејзиното влијание на правосудството ..... 10
Примери на корупција во судскиот и обвинителскиот систем ..... 11
Последици од проблемите во судството и обвинителството врз корупцијата ..... 11
Влијание на корупцијата врз јавната доверба во правосудниот систем ..... 11
Последици за демократскиот процес и владеењето на правото ..... 12
Како неспособноста на судскиот систем ја потхранува корупцијата во државата ..... 12
Предлози за реформи во судството и обвинителството ..... 12
Превенција на политички влијанија ..... 12
Подобрување на транспарентноста и отчетноста ..... 13
Развој на независни судии и обвинители ..... 13
Воведување на механизми за спречување на корупција ..... 13
Ефективни мерки за справување со недостатокот на судии и јавни обвинители ..... 14
Користена литература ..... 15

# Вовед

Правосудниот систем во секоја држава има централна улога во одржувањето на правдата и законскиот поредок. Во Северна Македонија, како и во многу други земји, правосудството игра клучна улога во заштитата на правата на граѓаните, како и во борбата против корупцијата и криминалот. Меѓутоа, овој систем се соочува со сериозни предизвици кои влијаат на неговата ефикасност и интегритет. Проблемите во судството, Судскиот совет, обвинителството и Советот на јавни обвинители имаат значајни последици по функционирањето на правосудниот систем, но и по целокупната правична и демократска структура на државата. Еден од најголемите предизвици е корупцијата, која често се појавува како резултат на неефикасност слабости и недостиг на транспарентност во овие институции. Имено судската власт како една од трите власти кои го карактеризираат едно демократско општество треба да биде таа која ги дефинирира, утврдува и санкционира негативните појави во општеството, вклучувајќи ја и корупцијата како еден од најголемите проблеми на модерните општества.

Иако јавните обвинителства и судовите треба да бидат примарни институции кои треба да се борат против корупцијата во нашата држава сепак истите согласно некои стручни испитувања не се ценети како најактивни чинители во оваа област. Согласно извештајот изработен од Транспаренси Интернешнл- Македонија, а објавен во јануари 2024 година, насловен како  Националниот систем за интегритет (НСИ) оцена за Република Северна Македонија[1], а во кој се ценеа и оценуваа 15 чинители кои имаат носечка улога во општеството во борбата против корупцијата, судството доби вкупна оценка од 50.68. Со оваа оценка судството го зазема 12 место од вкупно 15 што е навистина ниско. Јавното Обвинителство според ова навистина опсежно и детално истражување доби вкупна оценка од 38.9 заземајќи го последното 15 место што е поразително, особено ако се земе во предвид фактот дека Јавното Обвинителство е она кое поднесува обвинителски акти и предлози до кривичниот суд кои претставуваат иницијални документи за отпочнување на судска постапка.

Во ова истражување ќе се разгледаат проблемите со кои се соочуваат судството, Судскиот совет, обвинителството и Советот на јавни обвинители во Северна Македонија, како и нивните последици врз корупцијата во државата. Ќе се анализираат структурните и функционалните слабости, како и влијанието што тие го имаат врз правораздавањето, сузбивањето на криминалот и корупцијата и финално довербата на граѓаните во правосудниот систем.

** Овој документ е подготвен во рамките на проектот: „ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција“, имплементиран од Транспаренси Интернешнл-Македонија, а финансиран од страна на ЕвропскатаУнија. За содржината на овој документ одговара авторот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.*

---

[1] Националниот систем за интегритет (НСИ) оцена за Република Северна Македонија: https://transparency.mk/wp-content/uploads/2024/06/nacionalen-sistem-za-integritet-ocena-za-republika-severna-makedonija.pdf

# Основни проблеми во судството на Северна Македонија

## Структурни проблеми во правниот систем

Правосудниот систем во Северна Македонија е соочен со сериозни структурни проблеми кои влијаат на неговата ефективност и независност. Еден од најголемите проблеми е недостатокот на финансирање, човечки капацитети и ресурси.

Кај судството главната законска основа за буџетирање е процентот од бруто домашниот производ на државата и тој процент со години изнесува 0,8%. Но, иако минимумот на средства кои треба да се издвојуваат за финансирање на судството е 0,8% од БДП, за последните три години финансирањето изнесувало околу 0,3 отсто од БДП.

Според Законот за јавното обвинителство, буџетот за ОЈО треба да биде најмалку 0,4 отсто од државниот буџет за тековната година доколку тоа не влијае на планираните средства за сите стапки на расходи на буџетот. Меѓутоа и овој минимум на средства кои треба да се одвојат за обвинителството не се достигнува па така за последните три години е нешто повеќе од 0,2% од БДП. Според податоците од Државниот јавен обвинител, средствата предвидени за Јавното обвинителство во Република Северна Македонија за 2025 година изнесуваат околу 0,2% од вкупниот износ на планираниот буџет. Ова претставува само половина од законски предвидениот минимум неопходен за ефикасност на постапките.

Поради недоволното финансирање, многу судови имаат недоволно број на судии и административен персонал, што го забавува судскиот процес и води до големи задржувања во решавањето на случаите. Покрај тоа, постои и недостаток на соодветна обука за судиите, што ја намалува нивната компетентност и професионализам во работата.

Исто така огромен проблем со кој се соочува судскиот систем во Република Северна Македонија е и недостатокот на човечки ресурси кој се согледува пред се во недостатокот на судии но и во недостатокот на судски службеници без кои не може ефективно да се реализира судската власт и навремено да се донесуваат пресуди со кои се уредуваат општествените односи, или се санкционира незаконитото однесување на граѓаните односно субјектите на правото.

Според проценките на судскиот совет, кои се анализирани во последниот извештај на Европската комисија[2] проценето е дека во моментов фалат околу 162 судии за да дојдеме до бројката потребна за нормално функционирање на судскиот систем и извршување на неговата основна улога која ја има во општеството а тоа е правораздавањето. Исто така се оценува дека уште 40 судии се близу до остварувањето на правото на пензија што уште повеќе ќе ја намали бројката на потребни судии и ќе ја зголеми функционалната криза во правосудниот систем.

[2] EC Progress report for Macedonia for 2024: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202024.pdf

За продлабочување на кризата поврзана со недостатокот на судии придонесе и скандалот кој беше поврзан со недозволениот избор на 130 кандидати во Академијата за Судии и јавни обвинители и тоа во периодот на парламентарните и претседателски избори кои се спроведуваа во 2024 година. Овој скандал резултираше со оставка на тогашниот директор на Академијата на судии и јавни обвинители, но и со стопирање на изборот на овие 130 кандидати што го одолговлекува процесот на селекција на кадри за пополнувањето на потребните судиски позиции.[3]

## Проблеми со независноста на судиите

Независноста на судиите е клучна за обезбедување на фер и правичен судски процес. Меѓутоа, во Северна Македонија, судиите се често подложни на политички и други надворешни влијанија кои можат да ја нарушат нивната независност. Судењата кои се од суштинско значење за јавниот интерес, често се одложуваат или решаваат под притисок на политичките сили. Ова создава сомнежи во правичноста и објективноста на судските одлуки и ја намалува довербата на граѓаните во правосудството. Во Република Северна Македонија се создава чувство на елитистичко здружување помеѓу вршителите на различните власти, при што обичниот граѓанин не може да ги оствари своите права кога наспроти себе има некој високопрофилиран противник, или успешен бизнисмен. Често пати причина за ваквото постапување е од коруптивен карактер односно се работи за тргување со интереси при што секој од инволвираните во овој однос на привилегии дава соодветна услуга на другиот. Вториот начин на влијание на политиката врз правосудството е преку притисок и овој однос не е доброволен но е опресирачки, па при недостаток на интегритет на судиите многу лесно може да се подлегне на истиот а како жртва секогаш да се јави правдата и граѓаните.

## Недостаток на професионализам и ефикасност

Професионализмот и ефикасноста во судството се често компромитирани поради неефикасно управување со судските процеси од страна на самите судии и недостаток на соодветни механизми кои можат да ја контролираат и спречат неефикасноста. Судските постапувања во многу случаи се одложуваат, а судиите не успеваат да ги решат предметите во разумен рок. Овој проблем ја намалува довербата на граѓаните во правосудниот систем и го зголемува впечатокот дека правдата не е достапна за сите, туку само за тие со моќ и ресурси. Генерално недостатокот на професионализмот кај судиите резултира со одлуки кои не содржат соодветно објаснување на одлуките и причините за нивното донесување, или содржат недоволно објаснување при што не може да се утврди процесот на рационализација кој довел до соодветното одлучување за конкретната ситуација или проблем кој се решава во материјално правните одредби. Тука мора да потсетиме дека недоволното образложение на судските пресуди, од страна на судовите претставува и повреда на одредбите утврдени со Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Секако дека

[3] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/04/12-1330-81_%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B0-%D0%B2%D0%B8%D1%88.pdf

надлежна институција за контролирање на професионализмот на судиите и нивната ефикасност е Судскиот Совет. Од неговото постапување согласно неговите ингеренции дирекно зависи одржувањето на квалитетот на судиите и нивното постапување. Сепак и судскиот совет се соочува со голем број на проблеми за кои ќе зборуваме подетално подолу во овој документ.

## Проблеми со етика и транспарентност

Етиката и транспарентноста во правосудството се клучни за одржување на довербата на јавноста. Меѓутоа, во Северна Македонија, постојат сериозни сомнежи во оваа област. Многу судии и правни професионалци не се доволно транспарентни во своето работење, а некои од нив се обвинувани за корупција и непотизам. Ова создава атмосфера на нетранспарентност, што ја потхранува корупцијата во судскиот систем.

Имено, еден од главните предуслови за еден судија да може да биде квалитетен, покрај неговото знаење, обука и искуство е и интегритетот на личноста кој мора да го поседува.

Наједноставната дефиниција за тоа што е интегритет е дека личноста со интегритет ги прави правилните работи и кога никој не гледа односно врши надзор.

Интегритетот треба да биде темелна вредност за секој судија. Без интегритет, правдата може да биде загрозена, а судските одлуки да бидат под сомнеж за пристрасност или корупција. Судиите мора да донесуваат одлуки засновани на законот и доказите, без никакво влијание од политички, финансиски или лични интереси. Интегритетот осигурува дека судијата останува независен и праведен во секој случај. Во еден систем кој функционира правилно граѓаните мора да веруваат дека судијата нема да биде подложен на притисоци и дека правдата ќе биде спроведена на објективен и праведен начин. Без оваа доверба, целиот правосуден систем ја губи својата кредибилност и запаѓа во хипокризија која веќе се согледува во нашето македонско општество. Судија со висок интегритет нема да дозволи надворешни фактори да влијаат на неговата работа. Ова е клучно за спречување на корупцијата, која може да доведе до неправедни одлуки што ја поткопуваат правдата. Во изминатиов период бевме сведоци на повеќе околности кои ставаа сомнеж на тоа дека се врши политички притисок врз работата на судиите. Еден од најеклатантните примери за тоа беше и интервјуто кое го даде претседателката на Врховниот Суд како највисок суд во државата, за порталот „Сакам да Кажам“.[4] Во него отворено се зборува за политички притисоци и закани кои судовите ги трпат. Притоа само судија со интегритет може да донесе правилна одлука иако е под голем политички притисок. Исто така судиите играат клучна улога во заштитата на основните човекови права. Само судии со интегритет можат да бидат сигурност дека законите се применуваат еднакво за сите, без дискриминација или фаворизирање. Судиите со интегритет ја разбираат тежината на својата одговорност и ја извршуваат својата должност со највисок степен на професионализам. Ова значи дека не само што ги почитуваат законите, туку и се пример за етичко однесување. Интегритетот не е само доблест, туку и неопходност за судиите. Без него, правниот систем станува ранлив на

[4] Види повеќе: https://sdk.mk/index.php/makedonija/prisutna-e-politichkata-zakana-za-razreshuvane-na-vrhovni-sudii-ama-nema-osnov-da-ozhivee-abolitsijata-na-gruevski-veli-pretsedatelkata-na-vrhovniot-sud-besa-ademi/

корупција, неправди и недоверба. Затоа, секој судија мора да ја негува оваа вредност, со што ќе придонесе за праведен и функционален правосуден систем.

Тука најотворено може да се спомене дека претходниот период Република Северна Македонија ја тресеа голем број на скандали поврзани со интегритетот на судиите. Еден од најеклатантните случаи е случајот со примањето на поткуп на поранешниот врховен судија Наќе Георгиев. За овој случај кој беше гонет од основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција јавноста беше известена дека истиот ја потпишал предлог – спогодбата и дека не спори дека го сторил кривичното дело. Според ОЈОГОКК[5], имајќи ја предвид предвидената казна затвор од една до десет години за ова кривично дело, сега веќе осудениот Наќе Георгиев, прифатил да му биде изречена казна затвор во траење од три години, како и Забрана за вршење професија, дејност или должност на службено лице во период од три години. Ваквата докажана корупција кај оној кој треба да биде на браникот од истата како судија на највисокиот суд во државата е силен удар во делот на перцепцијата на граѓаните кога се работи за судискиот интегритет.

# Проблеми во Судскиот совет на Република Северна Македонија

## Улогата и надлежностите на Судскиот совет

Судскиот совет има централна улога во управувањето со судството. Тој е одговорен за изборот, унапредувањето, дисциплинската одговорност и ослободувањето на судиите. Меѓутоа, во Северна Македонија, Судскиот совет често се соочува со критики поради недостатокот на транспарентност и професионализам во своето функционирање. Изборот на судии неретко е подложен на политички притисоци, што ја намалува независноста на судството.

Согласно законот за судски совет судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите. Судскиот совет има својство на правно лице со седиштето во главниот град Скопје.

Судскиот совет е надлежен: да ги избира и разрешува судиите; да ги избира и разрешува претседателите на судовите; да ги интервјуира кандидатите за сите судови; да утврдува престанок на судиската функција; да избира и разрешува судии поротници; да ја следи и оценува работата на судиите; да одлучува за дисциплинска одговорност на судиите; да утврдува престанок на судиска функција поради трајна неспособност за работа на судија; да одлучува за одземање на имунитет на судија; да одлучува по барање за одобрување на притвор на судија; да предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите; да одлучува за времено отстранување на судија од вршење на судиска функција; да го утврдува бројот на потребните судиски места по судови; да ги разгледува и

[5] https://jorm.gov.mk/postignata-predlog-spogodba-za-zatvorska-kazna-i-zabrana-za-vrshene-profesija-dejnost-ili-dolzhnost/

оценува тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите; да се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството.

## Дисфункционалност на Судскиот совет

Судскиот совет неретко не успева да ги спроведе своите надлежности на ефективен начин. Некои судии кои се обвинувани за непрофесионализам и корупција, не се дисциплинирани на време или воопшто. Ова создава атмосфера на неказнивост и го поткопува кредибилитетот на Судскиот совет. Според информациите кои се добиени од Судскиот совет како резултат на барање за пристап до јавни информации, а кои се однесуваат на постапувањето на Судскиот совет по однос на претставки на граѓаните за работата на судиите и барањата односно постапките за утврдување на дисциплинска одговорност за судиите јасно се согледува низок процент на санкционирање.

Во врска со бараните информации во однос на претставките од страна судскиот совет се добиени следните информации[6]:

- Во 2022 година има вкупно 525 поднесени претставки, од кои 472 се разгледани на седница, 15 од нив се основани, 2 се делумно основани а 455 претставки се неосновани. Од вкупниот број на поднесени претставки 52 се повлечени од седница односно вратени во работа а само 1 претставка е повлечена од подносителот.
- Во 2023 година има вкупно 383 поднесени претставки, од кои 317 се разгледани на седница, 34 од нив се основани, 2 се делумно основани а 281 претставки се неосновани. Од вкупниот број на поднесени претставки 65 се повлечени од седница односно вратени во работа а само 1 претставка е повлечена од подносителот.
- До 01.12. 2024 година има вкупно 399 поднесени претставки, од кои 373 се разгледани на седница, 9 од нив се основани а 359 претставки се неосновани. Од вкупниот број на поднесени претставки 24 се повлечени од седница односно вратени во работа а само 1 претставка е повлечена од подносителот.

Во врска со бараните информации во однос на барањето за поведување и утврдување на дисциплинска одговорност против судии:

- Во 2021 година поднесени се 95 барања за поведување на постапка против 146 судии. Од поднесените барања 2 се заведени како претставки. За 17 судии запрена е постапката, за 116 судии барањето е отфрлено од Комисијата а 2 судии имаат писмена опомена. Повлечено е барањето за 5 судии, времено одалечени се 3 судии и 4 судии се разрешени.
- Во 2022 година поднесени се 84 барања за поведување на постапка против 145 судии. Од вкупниот број за 3 судии запрена е постапката, за 135 судии барањето е отфрлено

[6] Информации добиени од Судски Совет преку алатката Барање за пристап на информации од јавен карактер за постапувањето на Судскиот совет по однос на претставки на граѓаните за работата на судиите и барањата односно постапките за утврдување на дисциплинска одговорност за судиите

од Комисијата, за 1 судија има писмена опомена, а за 3 судии има дисциплински мерки.

Од сето погоре наведено јасно се согледува функционалната неефикасност на работењето на судскиот совет. Ваквата состојба беше предмет и на анализа на оценската мисија на Европската унија која излезе со 40 суштински препораки кои судскиот совет треба да ги почитува за да ја подобри својата работа и дејствување.

# Обвинителството и Советот на јавни обвинители

## Структура и функции на обвинителството

Обвинителството во Северна Македонија има значајна улога во заштитата на правниот поредок и спречување на криминалот. Советот на јавни обвинители е институција која ги именува и дисциплинира обвинителите, но и таа се соочува со бројни проблеми. Недостатокот на независност и професионализам во обвинителството често води до селективно спроведување на правдата и фаворизирање на одредени поединци или групи. Обвинителите се подложни на политички и други надворешни влијанија, што ја поткопува нивната независност и ја зголемува корупцијата.

Транспаренси Интернешенл Македонија, како дел од својата месечна пракса секој месец објавува известување насловено како „Барометар на Корупцијата".[7] Во истиот барометар постои поделба на актуелните настани поврзани со корупцијата на бистри и матни настани, при што бистри настани се оние кои се донекаде разјаснети или се во процес на разјаснување, а матни се оние настани кои допрва треба да се разјаснат. Ако се види профилот на субјектите кои се во центарот на настаните, односно нивната улога која ја имаат во општеството јасно може да се забележи дека бистрите настани се често поврзани со извршители кои се пониско профилирани по нивната функција, а дека матните настани се најчесто поврзани со високата корупција односно вршители на јавни функции и именувани функционери.

Неказнивоста на високата корупција е еден од главните проблеми на Македонското општество и доколку сакаме намалување на корупцијата, и исполнување на генералната превенција како една од последиците на казнивоста обвинителството мора многу да ја зголеми својата активност во оваа сфера.

Покрај проблемите поврзани со ефективноста и ефикасноста на јавното обвинителство , јавното обвинителство се соочува со недостаток на ресурси и кадар кои уште повеќе ја отежнуваат неговата работа.

Според Законот за јавно Обвинителство, буџетот на јавното обвинителство треба да биде најмалку 0,4% од државниот буџет за тековната година доколку тоа не влијае на планираните средства за сите стапки на расходи на буџетот. Според националниот систем за интегритет-

[7] Види повеќе: https://transparency.mk/2025/01/21/barometar-na-korupcija-2024-godina/

Оценка за Република Северна Македонија[8] кој Транспаренси Интернешнл- Македонија го објави во јануари 2024 година, во 2023 година буџетот за јавното обвинителство бил 0,24% од државниот буџет за тековната година, во 2022 бил 0,27% од државниот буџет за тековната година, во 2021 година бил 0,25% од државниот буџет за тековната година, а во 2020 година бил 0,24% од државниот буџет за тековната година. Од наведеното може да се види дека обвинителството не го добива својот законски минимум предвиден како буџет.

Што се однесува на недостатокот на јавни обвинители, во последниот извештај на Европската Комисија е забележано дека според годишниот извештај на Советот на јавни обвинители за 2023 година, во земјава моментално работат 179 јавни обвинители, што е помалку од проценетата потреба од 279 јавни обвинители за соодветно пополнување на сите потребни позиции. Значи согласно ова во моментов имаме недостаток од 100 обвинители како би можеле да зборуваме за некаков предуслов за нормално функционирање на обвинителството. Ако се земе битната улога која обвинителството ја има во делот на сузбивање и гонење на корупцијата тогаш повеќе од јасно е дека мора во најитен рок да се преземат активности за сузбивање на оваа негативна состојба.

### Советот на јавни обвинители и неговите надлежности

Советот на јавни обвинители има улога да ги именува и отпушта обвинителите, но и да ги осигурува нивните етички стандарди. Меѓутоа, истиот се соочува со критики дека не ја исполнува својата улога на начин кој би ја заштитил независноста на обвинителите и би ја намалил корупцијата. Политичките влијанија во изборот и дисциплинирањето на обвинителите создаваат простор за неправилности и корупција. Исто така первепцијата на јавноста е дека Советот на јавни обвинители покажува неефикасност и пасивност во постапувањето по постапките кои се однесуваат на неправилностите сторени од јавните обвинители.

## Корупцијата во правосудниот систем на Северна Македонија

### Дефиниција на корупцијата и нејзиното влијание на правосудството

Корупцијата е еден од најголемите предизвици за секој правосуден систем, бидејќи ја нарушува правдата, ефикасноста и јавната доверба. Во контекст на Северна Македонија, корупцијата во правосудниот систем се манифестира преку низа нелегални и неетички практики, како што се примање подмитувања, фаворизирање на одредени поединци, неефикасност во обработката на судски предмети и пристрасност во судските одлуки. Во овој контекст, корупцијата не само што ги попречува процесите на правдата, туку и создава атмосфера на нетранспарентност и неказнивост.

[8] Види повеќе: https://transparency.mk/wp-content/uploads/2024/06/nacionalen-sistem-za-integritet-ocena-za-republika-severna-makedonija.pdf

## Примери на корупција во судскиот и обвинителскиот систем

Еден од најчестите примери на корупција во судскиот систем е примањето подмитувања за брзо и поволно решавање на судски предмети. Судии кои се обвинувани за корупција често добиваат скапите подароци, пари или други форми на поткуп од странките кои се вмешани во судскиот процес. Таквите случаи создаваат сериозни сомнежи во веродостојноста на правосудството и ја поткопуваат самата основа на правниот систем.

Во обвинителството, корупцијата често се манифестира во изборот на кои случаи ќе се процесуираат и кои ќе останат без никаква истрага. Обвинители, подложни на политички влијанија, може да го злоупотребат својот статус за да избегнат истраги против личности или институции со големо влијание. Ова создава систем на селективна правда, каде што правниот процес е целосно зависен од моќта и ресурсите на поединците.

Според изјавата на Претседателот на Транспаренси Интернешнл- Македонија која ја даде како коментар на последниот Индекс за перцепција на корупцијата[9] наведено е дека "Неказнивоста на високата корупција поврзана со лица на јавни позиции, индициите за политичко влијание во судството, лошата контрола која судскиот совет ја врши врз судиите и 40 препораки на оценската мисија на Европската Унија, кршењето на законот со изборот на кандидати за Академијата на судии и јавни обвинители за време на избори се само дел од скандалите кои го тресеа судството. Минатата година имавме и докажан случај на корупција од еден врховен судија, разрешување на кривичен судија од Кавадаречкиот суд кој се слушнал со обвинет на кого му судел дури 97 пати за неколку дена и уште неколку случаи кои се само загребување на површината на судството во кое граѓаните немаат доверба. Слична е состојбата и во обвинителството кое не е ажурно во гонењето на високата корупција, и не ги процесуира иницијативите добиени од Државната комисија за спречување на корупцијата, а и самото беше предмет на скандали со докажан случај на корупција на еден поранешен член на Советот на јавни обвинители."

Ваквите скандали се една од главните причини за недовербата на граѓаните во правосудството која е толку ниска што може да се смета за статистичка грешка.

# Последици од проблемите во судството и обвинителството врз корупцијата

## Влијание на корупцијата врз јавната доверба во правосудниот систем

Корупцијата во правосудството има катастрофални последици по јавната доверба во целокупниот правосуден систем. Кога граѓаните се свесни дека правдата може да се купи или да се манипулира, тоа води до значителен пад на довербата во институциите кои треба

[9] Индекс за перцепција на корупцијата за 2024 година: https://transparency.mk/2025/02/11/indeks-na-percepcija-na-korupcijata-2024-pogubna-uloga-na-korupcijata-vo-krizata-so-klimatskite-promeni/

да бидат гаранти за правдата. Недостатокот на транспарентност во судските постапки и обвинителските истраги предизвикува чувство на безнадежност и разочарување во граѓаните.

Корупцијата не само што ја уништува довербата во судскиот систем, туку исто така ги поткопува и другите институции кои се поврзани со него, како што се владата и Парламентот. Јавноста често ја доживува корупцијата како неотстаплив дел од системот, што создава недоверба и дури и пасивност во однос на правото и законите.

### Последици за демократскиот процес и владеењето на правото

Кога правосудниот систем е корумпиран, тоа има сериозни последици за демократскиот процес и владеењето на правото. Во демократски држави, судската независност е основа на правичната и слободна влада, а кога таа независност е загрозена, тоа доведува до поголема политичка и економска нестабилност.

Корупцијата во судството и обвинителството исто така значително го нарушува правото на праведно судење. Во случаи кога политичките и економските сили имаат пристап до правосудниот систем, тоа води до селективна правда и нерамноправен третман на граѓаните, што ја деморализира јавноста и го нарушува здравјето на демократијата.

### Како неспособноста на судскиот систем ја потхранува корупцијата во државата

Неуспехот на судскиот систем да се справи со корупцијата ги потхранува длабоките структури на криминал и претставува мрак на правдата во државата. Кога судиите и обвинителите не се во можност да се справат со коруптивните практики на високи функционери и бизнисмени, тие не само што создаваат чувство на безнадежност кај граѓаните, туку и ја поттикнуваат корупцијата да цвета во сите нивоа на општеството.

Системскиот неуспех да се санкционираат криминалните акти и злоупотребите на власт создава простор за нови и посериозни обиди за манипулација, што води кон понатамошно забавување на реформите и зголемување на корупцијата. Кога правосудството е нефункционално, корупцијата станува повеќе нормализирана, а правото стапува на второ место.

## Предлози за реформи во судството и обвинителството

### Превенција на политички влијанија

Првата и најважна реформа која треба да се спроведе е ослободување на судскиот и обвинителскиот систем од политичко влијание. Ова може да се постигне преку воспоставување на независни тела за избор на судии и обвинители, како и преку подобрување на транспарентноста на процесите на избор и именување. Исто така, потребно е да се спроведат строги проверки на имотната состојба на судиите и обвинителите за да се елиминираат ризиците од корупција. Во оваа насока секако дека водечка улога имаат

Судскиот совет, Советот на јавните обвинители, но и Државната комисија за спречување на корупција која располага со база на податоци поврзани со изјавите кои судиите, обвинителите но и другите вршители на јавни функции ги даваат како законска обврска. Соодветни законски промени кои ќе предвидат поголема отчетност и контрола на судиите и јавните обвинители е повеќе од потребна. Исто така електронското вмрежување и овозможување на брз проток и добивање на информации на Државната комисија за спречување на корупцијата е битен услов за ефективно и ефикасно функционирање на оваа битна институција во делот на спречување на корупцијата.

## Подобрување на транспарентноста и отчетноста

Правосудниот систем мора да биде подложен на редовни ревизии и јавни извештаи кои ќе ја подобрат неговата транспарентност. Отчетноста на судиите и обвинителите треба да се заснова на јасни и проверливи стандарди. Реформирањето на дисциплинските постапки за судиите и обвинителите треба да ја обезбеди нивната одговорност и спречувањето на корупцијата. Исто така поажурно постапување на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, во постапките по претставки на граѓаните и дисциплинските постапки е од клучно значење за подобрување на работата и квалитетот на судиите и јавните обвинители.

## Развој на независни судии и обвинители

Потребно е да се создадат механизми за унапредување на образованието и професионалниот развој на судиите и обвинителите. Обуките за етика и независност треба да станат редовен дел од нивниот развој, а системот на награди и казни треба да ги стимулира судиите и обвинителите да ги извршуваат своите функции без вмешување на надворешни сили. Исто така зголемувањето на објективноста на членовите на Судскиот совет и советот на Јавни Обвинители , повеќе од потребно е да се редефинира и уреди составот на членовите на самите совети. Притоа во судскиот совет и во советот на јавните обвинители се повеќе треба да бидат избрани членови од независни правни професии како што се адвокатурата, професорите по право, и останати вршители на правни професии. Имено присуството на голем број на судии во судскиот совет и обвинители во советот на јавни обвинители може да придонесе за пристрасност и необјективност во работењето бидејќи поранешните обвинители и судии во својство на членови на советите ќе треба да ги оценуваат своите довчерашни колеги. Ова редефинирање на профилот на членовите на Судскиот совет и Советот на јавни обвнинители треба да биде спроведено преку соодветни законски измени во Законот за судски совет и Законот за советот на јавни обвинители.

## Воведување на механизми за спречување на корупција

На крај, за да се спречи понатамошното распространување на корупцијата, неопходно е да се имплементираат силни механизми за спречување на корупција, како што се независни истражни тела и активни јавни мониторинг системи. Образованието на граѓаните за нивните права и начините на кои можат да пријават неправилности, исто така, ќе помогне да се создаде атмосфера на отчетност. Во делот на гонењето на коруптивни дела кои се сторени од судии и јавни обвинители, повеќе од потребно е воспоставување на посебен независен суд и јавно обвинителство кои ќе бидат надлежни за гонење на кривични дела сторени само

од судии и јавни обвинители. На ваков начин ќе се избегне пристрасноста во постапувањето во судските постапки на судиите и застапувањето на обвиненијата од страна на јавните обвинители против своите довчерашни колеги. Изборот на судиите и јавните обвинители во овој посебен суд и јавно обвинителство би биле направени од независни кандидати кои претходно не обавувале судска или обвинителска дејност и не биле во колегијален контакт со останатите судии и јавни обвинители. Ваквите промени и реформи можат да се спроведат само со законски промени на постојните закон за судови и закон за јавно обвинителство.

## Ефективни мерки за справување со недостатокот на судии и јавни обвинители

Како што покажаа бројките наведени погоре во овој документ недостатокот на судии и јавни обвинители е сериозен проблем кој мора да го решиме во најкраток можен рок ако сакаме да имаме ефективни и ефикасни судови и јавни обвинителства. Академијата за судии и јавни обвинители не е соодветствува со потребен број на судски и обвинителски кадри и пополнување на празнините во брзо време. Оттука создавање на комбиниран избор на судии и јавни обвинители , покрај од оние кои ја завршиле академијата за судии и јавни обвинители , и од вршители на правни професии, како адвокатурата, професорите по право и слично за кои би се барал законски утврден стаж и искуство повеќе од 15 години во струката е повеќе од неопходно. Досегашната пракса покажала дека практичното искуство во вршењето на правната професија и тоа како може да создаде квалитетни судии и јавни обвинители. Ваквиот комбиниран систем на избор може да се овозможи со соодветни промени во Законите за судии и јавни обвинители но и во законите за судски совет и совет на јавни обвинители.

На крај проблемите во судството, Судскиот совет, обвинителството и Советот на јавни обвинители во Северна Македонија имаат длабоки последици врз правораздавањето,правната сигурност на граѓаните како и врз општо ниво на корупција во државата. Реформите за независност, транспарентност и професионализам се клучни за подобрување на состојбата и враќање на довербата во правосудниот систем. Овие реформи треба да бидат брзи и одлучни, бидејќи само така може да се создаде стабилен и праведен систем што ќе ги осигура правата на сите граѓани и ќе го намали нивото на корупција во државата.

# Користена литература


1. Национален систем за интегритет- Оцена за Република Северна Македонија: https://transparency.mk/wp-content/uploads/2024/06/nacionalen-sistem-za-integritet-ocena-za-republika-severna-makedonija.pdf
2. Барометар на корупцијата: https://transparency.mk/2025/01/21/barometar-na-korupcija-2024-godina/
3. Индекс за перцепција на корупцијата за 2024 година: https://transparency.mk/2025/02/11/indeks-na-percepcija-na-korupcijata-2024-pogubna-uloga-na-korupcijata-vo-krizata-so-klimatskite-promeni/
4. Информации добиени од Судски Совет преку алатката Барање за пристап на информации од јавен карактер за постапувањето на Судскиот совет по однос на претставки на граѓаните за работата на судиите и барањата односно постапките за утврдување на дисциплинска одговорност за судиите
5. https://sdk.mk/index.php/makedonija/prisutna-e-politichkata-zakana-za-razreshuvane-na-vrhovni-sudii-ama-nema-osnov-da-ozhivee-abolitsijata-na-gruevski-veli-pretsedatelkata-na-vrhovniot-sud-besa-ademi/
6. https://jorm.gov.mk/postignata-predlog-spogodba-za-zatvorska-kazna-i-zabrana-za-vrshene-profesija-dejnost-ili-dolzhnost/
7. https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/04/12-1330-81_%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B0-%D0%B2%D0%B8%D1%88.pdf
8. EC Progress report for Macedonia for 2024: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202024.pdf

**Профил на Авторот**

Авторот Благоја Пандовски е дипломиран правник со мастер студии од областа на интелектуалната сопственост. Работи како адвокат од 01.03.2009 година специјализиран во повеќе области на стопанското и граѓанското право. Истиот е и овластен предавач за човекови права и заштита од дискриминација. Авторот е активно вклучен во борбата против корупцијата и е еден од основачите на здружението Транспаренси Интернешн

л Македонија на кое е и претседател од јануари 2024 година. Автор и коавтор е на повеќе публикации со правна тематика.